ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА
ИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН
Бр. 11-136/1
27.03 2023 год.
Штип

ИСТОЧЕН РЕГИОН

СОВЕТ ЗА РАЗВОЈ НА ИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН

Ванчо Прке 119, 2 кат
2000 - Штип, Македонија
Т: +389 32 386 408
Ф: +389 32 386 409
Е: eastregion@eastregion.mk
И: www.eastregion.mk

З А П И С Н И К
од IX (Деветта) Седница на Советот за развој на Источен плански регион одржана на ден 01.02.2023 година

На ден 01.02.2023 година, во општина Берово, се одржа деветтата Седница на Советот за развој на Источен плански регион.

Од членовите на Советот отсутни беа градоначалникот на општина Карбинци Г-дин Виктор Паунов и претставникот од бизнис заедницата Г-ѓа Моника Јованова, а Градоначалникот на општина Пехчево го заменуваше Цветанка Каракашевска - член на Советот на општина Пехчево со овластување за замена.

Од Центарот за развој на Источен плански регион присуствуваа Г-ѓа Зујица Ангелова – директор на Центар за развој на Источен плански регион и вработените Катерина Коцева, Андреа Златковска, Емил Василев и Александар Николов.

Присутни беа и Г-дин Никола Каракашов вработен во општинската администрација на општина Пехчево и Г-дин Столе Митров од Лиса – Ком МС, а надворешниот експерт Денис Жерновски беше вклучен он лајн на расправата по првата точка од дневниот ред.

Официјален записничар беше Г-ца Катерина Коцева.

Седницата започна во 13:10 часот и со неа претседаваше Претседателот - Г-дин Љупчо Папазов.

Претседателот ги поздрави присутните и пред да започне Советот официјално со работа му даде збор на домаќинот на Седницата - Градоначалникот на општина Берово.

Градоначалникот на општина Берово ги поздрави сите присутни и им посака топло добредојде, посака како и досега и на оваа седница да се донесат одлуки кои се во интерес на граѓаните и се заблагодари на подршката за реализација на проектот „Реконструкција и адаптација на Дом за стари лица, Берово 4-та ламела, општина Берово" и кажа дека се надева дека Александар Николов во кратко време ќе овозможи да започне постапката за доделување на договор за јавна набавка и избор на најповолен понудувач.

Претседателот констатира дека има доволен број на присутни членови на Советот (десет), за Советот за развој на Источен плански регион да може да работи и полноправно да одлучува и констатира дека Градоначалникот на општина Пехчево го заменува Цветанка Каракашевска - член на Советот на општина Пехчево со овластување за замена.

Претседателот ја прогласи за отворена деветтата Седница на Советот за развој на Источен плански регион.

Пред да се премине на дневниот ред, Претседателот отвори расправа по Записникот од VIII (Осмата) Седница на Советот за развој на Источен плански регион одржана на ден 20.12.2022 година. Праша дали некој има забелешки по Записникот и ќе се јави за збор.

За збор се јави претставникот од здруженијата Јасминка Пашалиска – Андоновска која кажа дека во Записникот во листата на присутни ја немало, односно не била нотирана како присутна, иако била присутна.

Г-ца Катерина Коцева цитираше дека во Записникот од 8-та седница е наведено дека: „Од членовите на Советот отсутни беа градоначалникот на општина Берово и градоначалникот на општина Чешиново – Облешево", а бидејќи и претставникот од здруженијата и претставникот од бизнис заедницата се членови на Советот, јасно е дека биле присутни.

За да нема вакви забелешки, Претседателот уште еднаш констатираше дека на оваа седница отсутни се градоначалникот на општина Карбинци Г-дин Виктор Паунов и претставникот од бизнис заедницата Г-ѓа Моника Јованова.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, Претседателот го стави Записникот од 8-та Седница на усвојување. Праша кој е „ЗА". Сите присутни 10 членови на Советот гласаа „За". Праша дали има Против. Претседателот констатира дека нема Против. Праша дали има Воздржани. Претседателот констатира дека нема Воздржани.

Претседателот констатира дека **Записникот од VIII (Осмата) Седница на Советот за развој на Источен плански регион, одржана на ден 20.12.2022 година, е усвоен.**

Потоа Претседателот го предложи следниот:

ДНЕВЕН РЕД

1. Утврдување на Листа на Предлог - Проекти за развој на Источен плански регион, за финансирање од Програмата за рамномерен регионален развој за 2023 година со индикативно планирани средства за 2024 година;
2. Предлог – Одлука за преотстапување на изграден објект „Реконструкција на градски парк - Кочани";
3. Предлог – Правилник за определување на траењето на годишниот и платениот одмор и случаите на користење на неплатено отсуство;
4. Предлог - Согласност за склучување на договор за отстапување на привремен агенциски работник за вршење на привремени работи / Известување за обезбедени финансиски средства;
5. Предлог – Одлука за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на вработените во стручната служба на Центар за развој на Источен плански регион за 2023 година;
6. Разно.

Претседателот објасни дека под точката разно ќе следи презентација во врска со третманот од комарци.

Претседателот отвори расправа по предложениот дневен ред и праша кој бара збор по предложениот дневен ред, дополна или измена.

Бидејќи никој не се јави за збор, Претседателот го стави на гласање дневниот ред. Праша кој е "ЗА". Сите присутни 10 членови на Советот гласаа „ЗА". Праша дали има Против. Претседателот констатира дека нема Против. Праша дали има Воздржани. Претседателот констатира дека нема Воздржани. Претседателот констатира дека **Дневниот ред е усвоен.**

I.Точка еден: Утврдување на Листа на Предлог - Проекти за развој на Источен плански регион, за финансирање од Програмата за рамномерен регионален развој за 2023 година со индикативно планирани средства за 2024 година

Претседателот ја повика Г-ѓа Зујица Ангелова да ја образложи точката. Г-ѓа Зујица Ангелова даде краток осврт на случувањата од претходната седница до сега. Објасни дека втората форумска сесија е одржана на 26.12.2022 година и на истата се презентирани концептите и биле дадени коментари и забелешки. Она што е разлика од презентираното на последната седница и денес е тоа што во коцептот за фотоволтаици Македонска Каменица го повлекла предлогот за градскиот пазар, општина Кочани го повлече предлогот за повеќенаменското игралиште, а во концептот за фотоволтаици се додадени општините Кочани и Карбинци со дополнителни објекти. Вкупниот буџет за моменталните проекти е околу 90 милиони денари, додека за нашиот регион на располагање имаме околу 47 милиони денари. Тоа се промените во концептите, не ја дискутираме резервата за техничките документации која дополнително ќе биде поднесена, секако дел од овие проектни програми ќе се аплицираат на престојниот повик за изработка на технички документации што ќе биде финансиран од УНДП, СИДА и БРР. Директорот објасни дека ќе се побара согласност од Советот за изработката на техничките документации и објасни дека за овој повик ќе има и инфо ден, дополнително во истиот е предвидено да има и обука за лицата од општините кои работат во ЛЕР и урбанизам и подготвуваат проектни програми. Директорот напомена дека општините можат да размислуваат за проектите кои ќе ги поднесат како општини.

Потоа следеше презентација од надворешниот експерт Денис Жерновски.

Г-дин Жерновски ја образложи точката он лајн, преку Презентација која е прилог на овој Записник. Објасни дека кај проектот Заштита на животната средина преку изградба на фекална канализација во с. Соколарци се работи за II фаза и дека и првата фаза е реализирана преку оваа Програма и дека со реализација на втората фаза ќе се стави во функција и првата фаза, а дека концептот за изработка на техничките документации останува како резерва.

Претседателот отвори расправа по оваа точка од дневниот ред и праша дали некој има прашања до Г-дин Жерновски.

Во меѓувреме Г-ца Андреа Златковска ја прикажа на екран табелата со предлог концептите во која за секој концепт беше прикажана финансиската конструкција.

Градоначалникот на општина Делчево забележа дека во презентацијата кај анализата на предлог проектите има грешка во поените кај четвртиот и петиот концепт каде 4-тиот концепт е со 71 поен, а петиот со 76 поени. Градоначалникот кажа дека во табелата на концептите, за проектот Регулација на дел од коритото на река Брегалница во Делчево е предвидено општина Делчево да нема кофинансирање, но Градоначалникот изјави дека општината е спремна да кофинансира 30 %, што е околу 6,5 милиони денари од вредноста на проектот која е околу 21,5 милиони денари. Објасни дека постои изграден пешачки мост, на кој му треба заштита за да не се поткопуваат темелите, а со регулацијата на р.Брегалница заштитата ќе биде обезбедена.

Претседателот кажа дека ова создава нова ситуација и праша дали можеби и некоја друга општина би го зголемила кофинансирањето.

За збор се јави градоначалникот на општина Зрновци кој во врска со проектот Реконструкција на повеќенаменско спортско игралиште во с. Мородвис кажа дека општина Зрновци е доста посетена во последните години

и за овие посети е потребно место каде ќе се одвиваат спортски посети. Кажа дека на ова место сега има земјено игралиште и дека за овој проект општина Зрновци може да одвои 10 % од вкупната вредност на проектот.

Градоначалникот на општина Штип кажа дека сите градоначалници имаат интерес да реализираат што поголем број на проекти за својата општина, но потребно е Советот да заземе принципиелен став не кој што поголем проект да предложи, туку согласно буџетот на располагање на ИПР, да се види по број на жители и по тоа која општина колку проекти има добиено преку ИПР. Пример сите општини да се фузираат во два проекти за кои се сигурни дека ќе поминат, како пример проектот за фотоволтаиците, согласно бројот на жители и процентуално која општина колку има добиено, инаку ќе има ситуација одредени општини да немаат добиено ниту еден проект, а други повеќе, па побара доколку Директорката има вакви податоци да се изјасни.

Претседателот потсети на еден неформален заклучок општините да бидат партнери, а не ривали и натпреварувачи и кажа дека овој пристап бара посериозна анализа и даде поддршка на ваквата дискусија.

Г-ѓа Зујица Ангелова кажа дека со градоначалникот на општина Штип уште во април разговарале на оваа тема. Во однос на регионалната димензија добар пристап е во помалку апликации да влезат што поголем број на општини. Кажа дека претходно е донесена одлука со која Советот на проектите: Фекална канализација за туристички локалитет Голак - општина Делчево, Реконструкција на помошен стадион и изградба на тартан атлетска патека во Македонска Каменица и Проширување на капацитетите за сместување и грижа на стари лица во Источен плански регион - „д-р Иван Влашки" Берово им даде поддршка за аплицирање по оваа Програма, а проектот Заштита на животната средина преку изградба фекална канализација во с. Соколарци II фаза остана како резервен проект.

Градоначалникот на општина Делчево кажа дека општина Делчево ќе кофинансира 30 % во предложениот концепт од општината со цел да се даде можност и други проекти да влезат во листата. И градоначалникот е заинтересиран за податокот во последните 4 – 5 години која општина колку средства има добиено преку ИПР и по оваа Програма, но и преку Програмата за прекугранична соработка.

Претседателот потсети дека на седницата одржана во општина Делчево, подготвената листа од Денис Жерновски и изгласаната листа од Советот и листата која помина на Националниот Совет не се совпаѓаат и тоа е едно лошо искуство.

Градоначалникот на општина Чешиново – Облешево кажа дека има неформален заклучок за резервните проекти од претходната листа, во насока на тоа дека проектите кои нема да бидат реализирани ќе им се даде приоритет на овој повик и дека имало радикално поместување на проектите од претходната листа и проектот на Виница од 5-то место отишол на прво место.

Г-ѓа Зујица Ангелова рече да не се гледа многу наназад, а градоначалникот на општина Чешиново – Облешево рече дека не се сложува со тоа бидејќи целта е да се намалат диспаритетите и притоа изнесе податоци која општина колку средства добила за проекти од 2018 година па до 2022 година, како на пример во 2019 година Берово – 7 милиони денари, Пробиштип 7-8 милиони денари, Зрновци 3.300.000,00 денари, во 2020 година Виница 15 милиони денари, Пехчево 6,5 милиони денари итн, во 2021 година Делчево 13 милиони денари, Штип и Кочани заедно 5 милиони денари итн. Градоначалникот кажа

дека се надева дека ретроактивно ќе се земат податоците во предвид, со цел ниту една општина да не биде изземена и дека очекува по оваа листа да нема радикални поместувања во однос на анализата на надворешниот експерт.

Претседателот праша дали членовите на Советот се подготвени да заземат став во делот на кофинансирањето на проектите и со тоа да се отвори можност повеќе проекти да влезат во листата.

Г-ѓа Зујица Ангелова кажа дека се земени во предвид податоци од 2021 година бидејќи самите членови на Советот кажале да се гледа од 2021 година, а и градоначалникот на општина Чешиново – Облешево не го споменал проектот Изградба на фекална канализација во с. Соколарци I фаза во вредност од 13, 8 милиони денари првата фаза. Напомена дека сите 5 концепти се добри и одлуката треба да ја донесе Советот. Во однос на проектите финансирани од претходниот повик преку Програмата за прекугранична соработка потсети дека во комбинација биле 3 општини, а одвај една во мај имала готова техничка документација. Кажа дека на увид се податоци од 2021 година, а доколку е од значење за Советот, Центарот располага и со постари податоци, и кажа дека како и да се произнесе Советот е прифатливо, а во однос на променетиот приоритет на проектите од страна на Националниот совет спомена дека приоритетот бил променет во 4 региони. Ваква висина на средства од оваа Програма се појавува од 2018 година.

Градоначалникот на општина Пробиштип кажа дека и во минатиот состав на Советот по оваа точка имало слични дискусии. Напомена дека алтернативните решенија се две: или да се заземе став за 1 мандат на градоначалник да се реализираат по 10 милиони денари по општина, или да се фузираат неколку општини во еден проект кој навистина ќе има регионално значење. И кофинансирањето треба да е на реална основа, а не како што е случајот со општина Виница за која проектот уште не е завршен. Градоначалникот предложи да се изгласа проект кој го прави Истокот препознатлив, како на пример за Беровско езеро и слично. Пробиштип преку оваа програма го изгради музејот за ретки минерали во 2019 година и канализацијата во Лесново и двата проекти заедно се во износ од околу 11 милиони денари и тоа е за изминатите 5,5 години.

Градоначалникот на општина Зрновци кажа дека градоначалникот на општина Штип споменал да се гледа која општина колку земала по број на жители, тогаш градоначалникот на општина Зрновци е на мислење дека треба да се земе во предвид и буџетот на општината. Општина Зрновци има 2.100 жители, но за време на викендите по 5.000 лица. Во регионот се 11 општини и секоја општина треба да добие по 4,5-5 милиони денари и секој градоначалник треба да изготви проекти со ваква вредност и со нив да аплицира. Во моментот Штип аплицира со над 13 милиони денари, а големи проекти предлагаат и Берово и Чешиново – Облешево.

Претседателот кажа дека од дискусиите произлегува дека е потребно да се изградат критериуми по кои ќе се утврди Листата на предлог – проекти и потребно е членовите на Советот да бидат објективни, со буџетот на располагање да се реализира проект кој ќе биде функционален и целосно реализиран. Доколку се согласиме дека се потребни критериуми по кои ќе се распределуваат средствата, потребно е да се изготви Стратегија, Правилник. Претседателот кажа дека доколку Советот е реален при дефинирање на листата на предлог – проекти, тогаш истата ќе може и цврсто да се брани пред

Националниот Совет. Праша дали членовите на Советот се согласни сите да кофинансираат по 20 % од вкупната вредност на предложените проекти.

Г-ѓа Цветанка Каракашевска кажа дека тоа не е возможно бидејќи има задолжени општини кои не се подготвени на ваков чекор бидејќи немаат финансиски можности.

Градоначалникот на општина Берово праша дали кофинансирањето би важело конкретно за оваа листа или од сега па во иднина. Се согласи со Градоначалникот на општина Чешиново – Облешево дека и општина Берово има добиено средства и кажа дека е потребно да се утврдат критериуми.

Претседателот кажа дека од дискусиите произлегува дека е потребно да се изградат критериуми по кои ќе се утврдува Листата на предлог – проекти.

Градоначалникот на општина Штип кажа дека дефинитивно не може да се изградат критериуми, и е на мислење листата да биде поднесена, па таму има комисија која ќе одлучи кои проекти ќе бидат финансирани, да се пуштат проектите вака како што се. Потребно е и да се разгледа која општина колкави обврски има кон Центарот за развој на ИПР и дали ги измирува, но непотребно е вакво навлегување во детали, предлага да се поднесат проектите вака како што се.

Претседателот се согласи со предлогот. Потоа ја прочита следнава листа, со следниов број на поени:

Ред. бр.	Наслов на концептот	Број на поени
1	Инсталација на фотоволтаични системи на јавни објекти во Источен плански регион	28
2	Збогатување на туристичката понуда во Источниот плански регион	23
3	Подобрување на условите за развој на туризмот во Источниот плански регион	20
4	Заштита на животната средина преку изградба на фекална канализација во с. Соколарци - II фаза	10
5	Регулација на дел од коритото на река Брегалница во општина Делчево	9

Претседателот кажа дека според моменталната ситуација со износите, листата е со вредност околу 89 милиони денари, а на располагање се 47 милиони денари

Градоначалникот на општина Пробиштип кажа дека во вредноста на располагање и вредноста на проектите во листата има голема разлика.

Градоначалникот на општина Штип кажа пред Националниот совет ќе нема разлика и доколку Советот за развој на ИПР ги помести последните два проекти од листата како први.

Г-дин Емил Василев кажа да се внимава на ситуција да не се случи ситуација како со проектот на општина Пехчево, да се доделат средства, но помалку од потребните за реализација.

Градоначалникот на општина Штип предложи да се изгласаат сите предлог проекти.

Претседателот ја стави на гласање предлог - листата. Праша кој е "ЗА". Сите присутни 10 членови на Советот гласаа ,,ЗА". Праша дали има Против. Претседателот констатира дека нема Против. Праша дали има Воздржани. Претседателот констатира дека нема Воздржани. Се донесе следната:

Одлука
за утврдување на
Листа на Предлог - Проекти за развој на Источен плански регион

член 1

Со оваа Одлука, се утврдува следната Листа на Предлог - Проекти за развој на Источен плански регион:

1. Инсталација на фотоволтаични системи на јавни објекти во Источен плански регион;
2. Збогатување на туристичката понуда во Источниот плански регион;
3. Подобрување на условите за развој на туризмот во Источниот плански регион;
4. Заштита на животната средина преку изградба на фекална канализација во с. Соколарци - II фаза;
5. Регулација на дел од коритото на река Брегалница во општина Делчево.

Член 2

Предлог - проектите од член 1 на оваа Одлука се рангирани според приоритетност утврдена од страна на Советот за развој на Источен плански регион.

Член 3

Предлог - проектите од член 1 на оваа Одлука ќе бидат аплицирани за користење на средства за финансирање на проекти за развој на Источен плански регион од Програмата за рамномерен регионален развој за 2023 година со индикативно планирани средства за 2024 година.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

II.Точка два: Предлог – Одлука за преотстапување на изграден објект „Реконструкција на градски парк - Кочани"

Претседателот ја повика Г-ѓа Зујица Ангелова да ја образложи точката.

Г-ѓа Зујица Ангелова накратко објасни за кои активности станува збор.

Претседателот отвори расправа по оваа точка од дневниот ред.

Бидејќи никој не се јави за збор, Претседателот Предлог – Одлуката ја стави на гласање. Праша кој е "ЗА". 9 членови на Советот гласаа ,,ЗА". Праша дали има Против. Претседателот констатира дека нема Против. Праша дали

има Воздржани. Претседателот констатира дека нема Воздржани. Се донесе следната:

ОДЛУКА
за преотстапување на изграден објект „Реконструкција на градски парк - Кочани“

член 1

Со оваа Одлука објектот „Реконструкција на градски парк - Кочани“, кој се реализира во рамките на Проектот “Збогатување на содржините за рекреација во Источен регион – Смарт и авантуристички паркови во општините Штип и Кочани“, изграден согласно Договор за јавна набавка на работи арх. заверен кај Центар за развој на Источен плански регион со дел.бр.05-306/3 од 01.09.2022 година и Договор за изменување (Анекс бр.1) на основниот Договорот за јавна набавка на работи арх. заверен кај Центар за развој на Источен плански регион со дел.бр.05-306/4 од 30.11.2022 година, склучени помеѓу Центар за развој на Источен плански регион како нарачател и Друштво за производство, трговија и услуги ПАНЕЛ – М ДООЕЛ Тетово како изведувач, со вкупна вредност на изведените работи согласно исплатната документација во износ од 4.204.510,26 денари со вклучен ДДВ, се предава и преотстапува во сопственост, владение и трајно користење на општина Кочани.

Член 2

Од денот на влегувањето во сила на оваа Одлука, трошоците за чување, користење, управување и одржување објектот се на товар на Општина Кочани.

член 3

Записникот за примопредавање бр.03-490/1 од 29.12.2022 година е составен дел на оваа Одлука.

член 4

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

III.Точка три: Предлог – Правилник за определување на траењето на годишниот и платениот одмор и случаите на користење на неплатено отсуство

Претседателот ја повика Г-ца Катерина Коцева да ја образложи точката.

Г-ца Катерина Коцева објасни дека согласно Законот за рамномерен регионален развој: „Правата, обврските и одговорностите на вработените во стручната служба на Центарот се уредуваат во согласност со Законот за работни односи и истите немаат статус на административни службеници.“ Потребата за донесување на овој Правилник произлегува од тоа што Законот за работните односи го утврдува само минималното траење на годишниот одмор во должина од најмалку 20 работни дена и одредува дека истиот може да се продолжи до 26 работни дена со колективен договор или со договор за вработување, а не одредува според кој критериум по колку денови годишен одмор следуваат. Дури и Општиот колективен договор за јавниот сектор ги определува само критериумите врз основа на кои се определува траењето на годишниот одмор и упатува дека со колективен договор на ниво на дејност,

односно на ниво на работодавач може да се утврдат и други критериуми со кои се определува должината на траењето на годишниот одмор. „Поради ова, а и со оглед на тоа дека не сме опфатени со гранси колективен договор, како што е гранскиот колективен договор за органите на државната управа, општините и другите огранки основани од собранието, со кој е определено за кој критериум колку денови годишен одмор следуваат, се јави потребата за донесување на Правилник во кој е определено според кој критериум по колку денови годишен одмор следуваат. До сега за определување на должината на годишниот одмор го употребувавме стариот колективен договор за државните, правосудните и органите на локалната самоуправа. Исто така ЗРО не определува по кој основ колку денови платен одмор следуваат заради лични и семејни околности, туку упатува на колективен договор (член 146), а исто и за случаите на неплатеното отсуство упатува на колективен договор (член 147). Поради ова, подготвен е овој Правилник при што како репер при определувањето на траењето на платениот одмор заради лични и семејни околности и случаите на неплатено отсуство претежно е користен гранскиот колективен договор за општините."

За збор се јави и г-ѓа Зујица Ангелова која објасни дека Центарот за развој на Источен плански регион е млада институција која функцира 13 години според Законот за РРР, а во истиот вработените во стручната служба немаат статус на административни службеници и се по Закон за работни односи, па и во иднина ќе има потреба од донесување на слични правилници, поради тоа што има доста работи кои не се доуредени.

По ова Претседателот отвори расправа по оваа точка од дневниот ред. Претседателот праша дали некој ќе се јави за збор. Бидејќи никој не се јави за збор, Претседателот ја затвори расправата по овоаа точка од дневниот ред и Предлог – Правилникот го стави на гласање. Праша кој е "ЗА". 9 членови на Советот гласаа „ЗА". Праша дали има Против. Претседателот констатира дека нема Против. Праша дали има Воздржани. Претседателот констатира дека нема Воздржани. Претседателот констатира дека со 9 гласа „ЗА" **е донесен Правилникот за определување на траењето на годишниот и платениот одмор и случаите на користење на неплатено отсуство.**

IV.Точка четири: Предлог - Согласност за склучување на договор за отстапување на привремен агенциски работник за вршење на привремени работи / Известување за обезбедени финансиски средства

Претседателот ја повика Г-ѓа Зујица Ангелова да ја образложи точката.

Г-ѓа Зујица Ангелова образложи дека во моментот во Центарот за развој на Источен плански регион има 6 вработени, но во изминатиот период тој број бил поголем. Согласно обврските и новите Програми во најава, се бара оваа согласност. Во моментот има зголемен обем на работа, средствата за истото се предвидени, во делот на оперативните трошоците на Центарот, со исклучок на трошокот за електрична енергија, има намалување.

Претседателот отвори расправа по оваа точка од дневниот ред. Претседателот праша дали некој ќе се јави за збор. Бидејќи никој не се јави за збор, Претседателот ја затвори расправата по оваа точка од дневниот ред и Предлог – Согласноста за склучување на договор за отстапување на привремен агенциски работник за вршење на привремени работи / Известување за обезбедени финансиски средства ја стави на гласање Праша кој е "ЗА". 10 членови на Советот гласаа „ЗА". Праша дали има Против. Претседателот

констатира дека нема Против. Праша дали има Воздржани. Претседателот констатира дека нема Воздржани. Претседателот констатира дека со 10 гласа "ЗА" **Советот за развој на Источен плански регион ја даде Согласноста за склучување на договор за отстапување на привремен агенциски работник за вршење на привремени работи / Известување за обезбедени финансиски средства.**

V.Точка пет: Предлог – Одлука за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на вработените во стручната служба на Центар за развој на Источен плански регион за 2023 година

Претседателот ја повика Г-ѓа Зујица Ангелова да ја образложи точката.

Г-ѓа Ангелова објасни дека станува збор за покачување на платите кое дел од општините веќе го направија. Вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во стручната служба на Центар за развој на Источен плански регион нема промена од 2020 година и сите региони имаат спроведено покачување на платите. Станува збор за 2.880,00 денари на основната нето плата.

Претседателот отвори расправа по оваа точка од дневниот ред. Претседателот праша дали некој ќе се јави за збор.

За збор се јави градоначалникот на општина Берово кој праша дали предложената вредност на бодот не се коси со вредноста на бодот за државните службеници.

Г-ца Катерина Коцева објасни дека како и претходно што кажала согласно Законот за рамномерен регионален развој правата, обврските и одговорностите на вработените во стручната служба на Центарот се уредуваат во согласност со Законот за работни односи и истите немаат статус на административни службеници. Согласно друга одредба од Законот за рамномерен регионален развој: „ Бројот на вработени службеници во Центрите и нивните плати ги определува Советот за развој на планскиот регион." Бројот на вработени службеници е определен со Правилникот за систематизација и согласностите за вработување кои ги дава Советот, додека платите се определени со Правилникот за плати и недоместоци на вработените во Центарот според кој за работните места има определено бодови, а вредноста на бодот за пресметување на бруто плата на вработените во стручната служба на Центарот ја определува Советот за развој на Источен плански регион.

Претседателот праша дали вредноста на бодот се однесува само на систематизираните работни места, на што беше потврдно одговорено.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, Претседателот Предлог – Одлуката за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на вработените во стручната служба на Центар за развој на Источен плански регион за 2023 година ја стави на гласање. Праша кој е "ЗА". 10 членови на Советот гласаа ,,ЗА". Праша дали има Против. Претседателот констатира дека нема Против. Праша дали има Воздржани. Претседателот констатира дека нема Воздржани. Се донесе следната:

ОДЛУКА
за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на вработените во стручната служба на Центар за развој на Источен плански регион за 2023 година

Член 1

Вредноста на бодот за пресметување на бруто платите на вработените во стручната служба на Центарот за развој на Источен плански регион за 2023 година изнесува 95,00 денари.

Член 2

Со денот на влегување во сила на оваа Одлука престанува да важи Одлуката бр.02-470/1 од 20.12.2022 година

член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување, а ќе започне да се применува со исплатата на платата за јануари 2023 година.

VI.Точка шест: Разно

По оваа точка од дневниот ред следеше Презентација од Г-дин Столе Митров од Лиса – Ком МС во врска со третирањето на проблемот со комарците преку 2 различни презентации и тоа: Презентација на ЛИСА – КОМ МС ДООЕЛ Кавадарци и Презентација на беспилотни летала (дронови) за дезинфекција, дезинсекција и дертизација или ДДД заштита, кои се прилог на овој Записник.

По презентацијата следеше дискусија.

Г-дин Емил Василев кажа дека во Штип нема да можат да се користат дроновите бидејќи во моментот е 13,5 km/h е ветрот, а дроновите можат да се користат за прскање од комарци до 4 m/s ветер и праша колку ha во еден ден може да биде покриено од страна на ЛИСа – КОМ МС.

Г-дин Столе Митров одговори дека во две вечери го испрскале цел Југоисточен плански регион рачно и побара одобрување во име на општините ЛИСА – КОМ МС ДООЕЛ Кавадарци да направи снимање бесплатно, на што Претседателот одговори дека се прифаќа понудата да биде направено снимањето.

Г-ца Андреа Златковска во врска со проектот со UNDP за дигитализација на општински услуги побара од градоначалниците на општините Виница, Карбинци, Македонска Каменица и Пробиштип да реагираат до лицата од општините кои се задолжени за комуникација со неа, во врска со реализацијата на проектот да направат напори во банките да ги испратат потребните кодови за да може изработивачот да ја поврзе платформата со системот за е-плаќање. Исто така замоли општините Берово, Македонска Каменица, Пехчево и Пробиштип кои немаат доставено информација до изведувачот за склучени договори со мобилен оператор за масовни пораки тоа да го сторат во најкраток рок. Проектот требаше да биде завршен до крајот на ноември, но поради некомплетирање на постапката рокот се продолжува.

Г-дин Емил Василев замоли членовите на Советот да реагираат до вработените во општините да дадат податоци кои се неопходни за подготовка на Извештајот за реализација на Програмата за развој на Источен плански регион.

Г-дин Столе Митров кажа дека постои и средство кое го решава проблемот со депониите, го разградува биолошкиот отпад и миризбите.

Градоначалникот на општина Берово побара да се интензивираат постапките за јавни набавки.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, Претседателот констатира дека дневниот ред е исцрпен и ја прогласи за затворена деветтата Седница.

Седницата заврши во 15:10 часот.

Прилог:

- Презентација по прва точка од дневен ред
- Презентација на ЛИСА – КОМ МС ДООЕЛ Кавадарци
- Презентација на беспилотни летала (дронови) за дезинфекција, дезинсекција и дертизација или ДДД заштита

Записничар:
Катерина Коцева

Совет за развој на Источен плански регион
Претседател
Љупчо Папазов

ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА ИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН * ШТИП *